# СИРОМАШТИЈАТА
# И
# НЕЕДНАКВОСТА ВО ЕУ

ПРИРАЧНИК НА ЕАПН #6

2014

Оваа публикација е поддржана од Европската заедничка програма за вработување и социјална солидарност – ПРОГРЕС (2007-2013).

Оваа програма ја води Главниот директорат на Европската Комисија за вработување, социјални работи и еднакви можности. Основан е финансиски да ја поддржи имплементацијата на целите на Европската Унија во областа на вработувањето и социјалните работи, кои се зацртани во Социјалната агенда, а со тоа да допринесе во постигањето на целите на Лисабонската Стратегија во истите области.

Седумгодишната програма ги таргетира сите засегнати страни кои можат да помогнат за развојот на соодветно и ефективно вработување, социјалната легислатива и политиките низ ЕУ-27, ЕФТА-ЕЕА (Асоцијација за европска слободна трговија-Европска економска зона), земјите кандидати за ЕУ и оние кои сеуште го чекаат статусот земја кандидат.

Мисијата на ПРОГРЕС е да го зајакне придонесот на ЕУ подржувајќи ја посветеноста на земјите членки. ПРОГРЕС ќе биде вклучен во:

- давање анализи и совети за политиките во областа на политиките на ПРОГРЕС;
- набљудување и известување за имплементацијата на легислативата и политиките на ЕУ во областа на политиките на ПРОГРЕС;
- промовирање на размената на политиките, меѓусебно учење и поддршка меѓу земјите членки за целите и приоритетите на ЕУ; и
- пренесување на гледиштата на засегнатите страни и во општеството во целина.

За повеќе информации погледнете http://ec.europa.eu/progress

Информациите кои ги содржи оваа публикација не мора да бидат одраз на позицијата и мислињето на Европската Комисија.

**Европска мрежа против сиромаштија (ЕАПН)**

SQUARE DE MEEÛS, 18 – 1050 BRUSSELS

Tel: +32 (0)2 226 58 50

team@eapn.eu - www.eapn.eu

За повеќе информации за оваа публикација, за политиката и позициите на ЕАПН, обратете се кај Сиан Џонс, координатор на политиките,при Секретаријатот на ЕАПН sian.jones@eapn.eu.

За да дознаете повеќе за активностите за вработување на ЕАПН, посетете го вебсајтот на ЕАПН www.eapn.eu

Овој прирачник на ЕАПН за Сиромаштија и нееднаквоста во ЕУ е шестиот по ред од серијата прирачници на ЕАПН, во кој на разбирлив и секојдневен јазик се обработуваат клучни прашања и дебати, приоритетни за дискурсот на ЕУ. Првенствено се наменети за луѓето кои работат во организациите за граѓанско општество, но и кон сите кои се заинтересирани за напредокот во намалувањето на сиромаштијата и социјалната ексклузија во ЕУ.

Овој прирачник може да им послужи како алатка и на другите организации за граѓанско општество, синдикати, академици, медиумите, како и другите засегнати страни, вклучувајќи го и јавното мислиње при разбирањето на причините и влијанието на сиромаштијата, социјалната ексклузија и нееднаквостите за оние кои директно се погодени од нив, но и генерално за целото општество.

Прирачникот претставува ажурирана верзија на Прирачникот за сиромаштијата и нееднаквоста во ЕУ, издаден од страна на ЕАПН во 2009 година.

ЕАПН веќе издаде пет серии на прирачнци:

- Сиромаштијата и нееднаквоста во ЕУ (2009)
- Адекватност на минималниот приход во ЕУ (2010)
- Богатство, нееднаквост и социјалната поларизација во ЕУ (2011)
- Кон добросостојбата на децата во Европа – Прирачник за детската сиромаштија во ЕУ (2013), во соработка со Европско дете
- Квалитетот на работата и вработувањето во ЕУ (2014)

Сите публикации на ЕАПН се достапни на сајтот на ЕАПН www.eapn.eu

СОДРЖИНА:

ВОВЕД

Зошто прирачник за сиромаштијата и нееднаквоста?

Што ќе ви објасни овој прирачник?

Како беше развиен овој прирачник?

СИРОМАШТИЈА: ЗА ШТО ЗБОРУВАМЕ?

Апсолутна сиромаштија

Релативна сиромаштија

Новиот поим „ризик од сиромаштија или социјална ексклузија

Секојдневна борба

КАКО СЕ МЕРИ СИРОМАШТИЈАТА?

Сложен индикатор за ризик од сиромаштија или социјална ексклузија (АРОПЕ)

Живот под прагот на сиромаштијата АРОПЕ индикатор

Социјалната помош драстично ја намалува сиромаштијата

Мерење на лишеноста: индикатор за сериозна материјална лишеност (СМД)

Низок интензитет на вработеност

Сиромаштијата е многу сложена реалност

СИРОМАШТИЈА: ФАКТИ И ТРЕНДОВИ

Слика за сиромаштијата низ ЕУ

Дали ЕУ ќе ја искорени сиромаштијата?

ШТО ПРЕТСТАВУВА НЕЕДНАКВОСТА?

Како се мери?

Нееднаквост: Клучни факти и трендови

ПРИЧИНИ ЗА СИРОМАШТИЈА И НЕЕДНАКВОСТ

Клучни фактори

## ЗА ШТО СЕ БОРИ ЕАПН

## КЛУЧНИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

## Вовед

Сиромаштијата во ЕУ е многу реален проблем кој доведува до мизерија во животите на голем број на луѓе, им ги ограничува основните права, им ги ограничува можностите да го достигнат својот полн потенцијал, многу го чини општеството и оневозможува одржлив економски раст.

### Зошто прирачник за сиромаштијата и нееднаквоста?

И покрај севкупното богатство на Европската Унија (ЕУ), сиромаштијата во ЕУ е суеште на релативно високо ниво со 16,9 % од европската популација, што е околу 85 милиони луѓе со ризик за осиромашување поради ниски приходи. Повеќе од 124,2 милиони луѓе или 24% од популацијата со ризик за сиромаштија и општествена есклузија – без разлика дали се работи за умерена сиромаштија, или сериозно лишени од материјални добра или кои живеат во домаќинства со многу мал интензитет на вработеност.

Кризата очигледно создаде уште повеќе сиромаштија. Како и да е, степенот и сериозноста на проблемот често не е добро разбран од како од стана на креаторите на политиките така и од општата јавност. Тоа резултира со недоволна итност при искоренување на проблемот. Често луѓето ја сметаат сиромаштијата како нешто екстремно што го загрозува опстанокот на човекот поврзувајќи ја појавата главно со земјите во развој.

Како и да е, реалност е дека сиромаштијата во ЕУ е сериозен проблем кој доведува до мизерија во животите на голем број на луѓе, им ги ограничува основните права, им ги ограничува можностите да го достигнат својот полн потенцијал, многу го чини општеството и оневозможува одржлив економски раст.

Сиромаштијата го одразува неуспехот на системот во обезбедувањето ресурси и можности на правилен и праведен начин. Ова доведува до длабоко вкоренети нееднаквости и огромен контраст помеѓу оние со огромно богатство во своите раце на сметка на другите кои се принудени да живеат ограничени и маргинализирани животи иако живеат во богата економска област. Искуството покажува дека кризата имала поразителен удар врз земјите каде нееднаквоста е изразена и кои имаат послаб систем за социјална заштита. Уште повеќе, политиките за штедење и намалувањата на услугите за социјална заштита го зголемија бројот на луѓе кои живеат во сиромаштија.

Дебатата за сиромаштија во ЕУ најчесто е тесно поврзана со социјалната ексклузија. Терминот социјална ексклузија служи да се потенцира процесот при кој

луѓето се доведени до работ на општеството, при што имаат ограничен пристап до ресурсите и можностите, ограничувајќи го нивното нормално учество во општествениот и културен живот при што тие се чувствуаат маргинализирано, немоќно и дискриминирано.

Друг термин кој често се поврзува со сиромаштија е ранливост. Луѓето се во ранлива ситуација кога нивната лична добросостојба станува ризична бидејќи имаат недостаток на средства, постои ризик од долг, имаат нарушено здравје, се соочуваат со образовни недостатоци, или живеат во несоодветни домаќинства и средина. Оваа поврзаност на концептите е многу важна. Како и да е, не сите луѓе кои се социјално исклучени или ранливи се сиромашни и ЕАПН во оваа брошура сака да се фокусира на одредени димензии на сиромаштијата и нееднаквоста во рамките на ЕУ.

## Што ќе ви објасни овој прирачник?

Оваа брошура има за цел да даде едноставен вовед во дебатата за сиромаштија. Првенствено се фокусира на постоечките гледишта за природата и размерот на сиромаштијата, причините за неа и поврзаноста со неедкаквоста. Објаснува како сиромаштијата е сфатена и проценета во ЕУ, но исто така ги истакнува и недостатоците на овие приоди. Оваа брошура прв пат е издадена во 2007 година и ажурирана во 2009 како дел од развојната кампања на ЕАПН за одбележување на 2010 Година на борба против сиромаштија во Европа, со што е прва во серијата брошури кои за цел имаат сиромаштијата да ја направат видлива, да биде сфатена и да се преземат мерки против неа. Оваа верзија (2014) ги обезедува најновите податоци, вклучувајќи ги и податоците од ЕУ СИЦЛ, како и новиот додаток на политиките во ЕУ,притоа најмногу мислејќи на Европската Стратегија до 2020. Сите бројки спомнати во оваа брошура се земени од Еуросат 2012 и ЕУ СИЛЦ податоци (најнови достапни податоци).

## Како беше развиена оваа брошура?

Овој прирачник е всушност ажурирана верзија на прирачникот за Сиромаштијата и Нееднаквоста во ЕУ направен од ЕАПН во 2009 година. Оригиналната верзија на прирачникот беше резултат на плодната соработка помеѓу Хју Фрејзер и групата од ЕАПН која вршеше осврт на социјалната инклузија.

Ова е главната тема на која ЕАПН работи, како на европско, така и на национални нивоа. Идејата за прирачник произлезе од потребата да се изгради јасен консензус внатре во самата мрежа за тоа што е сиромаштија, со цел да ги информираме сите оние кои ја застапуваат нашата заедничка работа пред националните и европските одлучувачки фактори.

Главен извор на информации се ЕУ и други интернационални извори, како и податоци комбинирани со размислувањата до кои е дојдено од директните искуства на терен кој ги вклучува 29-те европски земји, членки на ЕАПН, како и 18-те европски организациии.

Оваа верзија е изготвена од Клер Шампекс ( Секретаријат на ЕАПН, Брисел ) со поддршка од Сијан Џоунс ( Секретаријат на ЕАПН ) како и групата при ЕАПН за задолжена за европските стратегии за инклузија. Авторите би сакале да изразат особена благодарност до Микаела Гобо за помошта во финализирањето на текстот, како и до Ребека Ли и Нели Епинат ( Секретаријат на ЕАПН ) за лекторирањето на конечниот текст и координирањето на изгледот и фотографиите.

Сите директни цитати во овој прирачник се од луѓе од разни европски земји кои ја доживуваат сиромаштијата. За да се зачува нивната анонимност, имињата се изоставени.

## СИРОМАШТИЈА: ЗА ШТО ЗБОРУВАМЕ?

Еден од проблемите кога се дискутира за сиромаштијата е разјаснувањето што таа значи и како може да се дефинира. На европско ниво, за да се опише сиромаштијата се користат поимите апсолутна и релативна сиромаштија. Од 2010-та се користи и сложениот поим ризик од сиромаштија или социјална есклузија, вклучувајќи ги и поимите релативната монетарна сиромаштија, материјално лишување и ексклузијата од пазарот на труд.

### Апсолутна сиромаштија

Апсолутна или екстремна сиромаштија е кога на луѓето им недостасуваат основните потреби за опстанок. На пример, можеби гладуваат, немаат чиста вода, соодветно домување, доволно облека и лекови, и се борат да преживеат.

Обединетите Нации тежнеат своите напори да ги насочат кон елиминирање на апсолутната или ектремна сиромаштија. Првата цел од Милениумскитеразвојни цели на Обединетите Нации е да се искорени екстремната сиромаштија и гладта. Искоренувањето на гладта е пренесено во целта „преполови, помеѓу 1990 и 2015, пропорција на луѓето чиј приход е помал од 1,25 $ на ден“[1]. Оваа цел беше постигната во 2010, кога стапката беше помала од половина од стапката во 1990

[1]Интернационалниот праг на сиромаштијата беше поставен на 1$ на ден кога беа утврдени Милениумските развојни цели, но од 2008-та, Светската банка како луѓе кои живеат во екстремна сиромаштија ги дефинираше оние кои живеат со помалку од !,25 $ на ден, како одраз на нивото на повисоки цени во многу земји во развој од претходно утврденото. http://www.un.org/millenniumgoals/poverty.shtml

(700 милиони луѓе помалку кои живеат во услови на екстремна сиромаштија во 2010 отколку во 1990). Но, сеуште има 1.2 милијарди луѓе кои на глобално ниво живеат во екстремна сиромаштија.

Иако апсолутната сиромаштија е почеста во земјите во развој, во последните години има значителен пораст и во Европа, особено по кризата и постојаните мерки за штедење.

## Релативна сиромаштија

Релативна сиромаштија е кога начинот на живот на некои луѓе е многу полош од општиот стандард на живеење во земјата или регионот во кој живеат. Тие се борат да живеат нормален живот и да учествуваат во секојдневните економски, социјални и културни активности. Што ова значи ќе зависи од земја до земја, во зависност од стандардот на живеење кој го опфаќа мнозинството.

Процесот за социјална инклузија на ЕУ користи релативна дефиниција за сиромаштијата.

---

*Што е релативна сиромаштија?*

*За луѓето се вели дека живеат во сиромаштија ако нивниот приход и изворите се толку несоодветни што ги спречува да имаат животен стандард кој се смета за прифатлив во општеството во кое живеат.*

*Поради нивната сиромаштија можат да доживеат многу неповолности како невработеност, несоодветна здравствена грижа и пречки во континуирано учење, култура, спорт и рекреација. Тие често се исклучени и маргинализирани од учествувањето во активностите ( економски, социјални и културни ) кои се правило за другите луѓе при што нивниот пристап до основните права е ограничен.*

Европска Комисија, Заеднички извештај за социјална инклузија 2004

---

## Новиот поим „ризик од сиромаштија или социјална ексклузија“

До 2010-та при следење на сиромаштијата на ниво на ЕУ, релативната сиромаштија беше во главниот фокус. Во 2010-та, ЕУ ја усвои Европската стратегија 2020, која за цел имаше да ја води ЕУ кон брза,одржлива и инклузивна економија.

Меѓу петте главни цели на оваа стратегија, за прв пат беше усвоена и целта за сиромаштија, која требаше да ја намали бројката на сиромашни за 20 милиони луѓе „ Во ризик од сиромаштија и социјална ексклузија“ ( АРОПЕ ).

АРОПЕ индикаторот се дефинира според уделот на населението во најмалку еден од следните три услови:

- Во ризик од сиромаштија ( АРОП ) или да се биде под релативниот монетарен праг на сиромаштија ( 60% од средниот постојан домашен приход )

- Во ситуација на сериозно материјално лишување ( СДМ )

- Живеење во домаќинство со многу низок интензитет на вработеност.

АРОПЕ индикаторот се однесува на неколку аспекти на сиромаштијата и ексклузијата низ проширената ЕУ. Прочитајте повеќе за ова во следното поглавје.

## Реалноста за сиромаштијата

Како и да е овие „официјални“ дефинициичесто не успеваат да ја опфатат реалноста од секојдневната борба со сиромаштијата. За да се разбере ова подобро, важно е да се прашаат самите луѓе кои живеат во сиромаштијата што значи таа и директно да се вклучат во идентификувањето и донесувањето решенија.

ЕАПН е решен да овозможи гласот на оние кои живеат во сиромаштијата да биде слушнат кога се опишува и дефинира сиромаштијата ( види подолу ). Да го промовира нивното активно учество во развојот, имплементацијата и следењето на политиките и програмите за нејзино искоренување.

## Што значи сиромаштија? – Што мислат луѓето во сиромаштија?

### НЕДОСТАТОК НА ОСНОВНИТЕ ПОТРЕБИ

*„Можам да си дозволам само ефтина храна; овошјето и зеленчукот се премногу скапи за да ги прехранам децата; рибата не можеме да си ја дозволиме; “здравата храна“ е премногу скапа за мене“.*

*„Јас не живеам, јас преживувам“.*

*„Моите деца можат да видат дека го немаат она што другите го имаат“.*

## ИЗОЛАЦИЈА

*„Ги изгубив пријателите затоа што не можам да учествувам во нивните активности; дури и учеството во групите за самостојна помош бара пари и време; немам доволно пари и време за учество во дискусии“.*

*„Не можам да си дозволам дневен печат; книги, особено научната литература е скапа“.*

## БИРОКРАТИЈА И НЕДОСТАТОК НА ИНФОРМАЦИИ

*„Системот е премногу комплициран, не знам што и каде да најдам“.*

*„Сум спиел во картонски кутии. Морав да бирам или да умрам на улица или да си го земам животот во свои раце. Отидов во службата за социјална помош за да ми помогнат да најдам куќа. Се соочив со огромна бирократија. Морав да ја раскажувам мојата приказна неколку пати, повторно и повторно. Поминаа години додека добив куќа.“*

*„Секогаш кога ќе им ја раскажам мојата приказна на социјалните работници добивам сочувство, но правилата ја спречуваат ефективната помош“.*

## НЕДОСТАТОК НА ПОЧИТ И НЕДОСТАТОК НА НАДЕЖ

*„Начинот на кој те гледаат луѓето е понижувачки. Не те сметаат за човечко битие“.*

*„Понижувачки е да бидеш избришан од вообичаени одлуки кои влијаат на твоето секојдневие“.*

*„Понекогаш го имаш чувството дека животните се подобро заштитени од тебе, затоа што ако претепаш куче ќе бидеш осуден и можеби ќе отидеш во затвор, но ако претепаш некого не сум сигурен дека секогаш ќе бидеш казнет за тоа...*

*„Мое чувство е дека кучињата повеќе се почитуваат и подобро се однесуваат кон нив отколку кон Ромите“.*

*„Со години не гледам некаков напредок. Немам иднина“.*

*„По малку се чувствувам како Дон Кихот. Се борам со ветерници и повеќе немам реална надеж“.*

*„Вратете ни ја иднината!“*

## НЕДОСТАТОК НА ПРИСТОЈНА РАБОТА

*„Работам нелегално. Не затоа што мислам дека е добро – сосема сум свесен од последиците - но, ова е единствениот начин да најдам работа.“*

*„Луѓето живеат од ништо. Платите ни се многу ниски“.*

*„Работодавачите не нѐ почитуваат нас ниту начите права“.*

## СТРАВ ЗА ДЕЦАТА

*„Невозможно е да ги повикам дома пријателите на моите деца затоа што е многу мал. Поради тоа моите деца никој не ги кани и тие се исклучени. Обврзани сме да водиме скриен живот“.*

*„Можам да се откажам од многу работи во мојот живот, но моите деца заслужуваат достоинствен живот“.*

*„Проблемот не е во тоа што понекогаш остануваме без пари. Вистинскиот проблем е што цел живот живееме така и децата ни растат во таква средина“.*

**Гласови на луѓето кои учествуваа на 6-тата, 10-тата и 11-тата Европска средба на луѓе кои живеат во сиромаштија (** организирани под покровителство на Австриското претседателство со ЕУ во 2006, Унгарското председателство со ЕУ во 2011 и Данското председателство во 2012 ).

## СЕКОЈДНЕВНА БОРБА

Ова значи дека реалноста за сиромаштијата во ЕУ се однесува на секојдневна борба да се живее и преживее која може негативно да влијае на вашето здравје и психичката состојба и да предизвика стрес во вашите лични односи.

### Да се живее во сиромаштија може да значи:

- *изолација од семејството и пријателите;*
- *немање надеж, чувствувото на немоќ и исклученост со многу малку контрола врз одлуките кои влијаат на вашиот секојдневен живот;*
- *недостаток на информации за поддршка и службите кои ви се достапни;*
- *соочување со проблеми при обезбедување на основните потреби и пристап до пристојно живеалиште, здравствени услуги и училишта како и можности за континуирано учење во текот на целиот живот;*

- *живеење во несигурно соседство со висока стапка на криминал и насилство и бедна еколошка средина или во одалечена и изолирана рурална област;*

- *да се живее без најосновните потреби затоа што не можете да си ги дозволите, како вода, греење и струја или да купите здрава храна, нова облека или да користите јавен превоз;*

- *да не сте во можност да си купите лекови или пак да одите кај стоматолог;*

- *преживување од ден за ден без никаква заштеда или резерва во време на криза како губење работа или болест поради што се задолжувате;*

- *да бидете експлоатирани или присилно доведени во нелегални ситуации;*

- *да бидете мета на разисам или национализам;*

- *да не сте во можност да учествувате во нормален социјален и рекреативен живот како одење во паб, кино или спортски настани, посета на пријатели или купување роденденски подарок за членовите на семејството.*

Генерално, реалноста за сиромаштијата во ЕУ е таква што таа влијае врз многу аспекти во животот на луѓето и им г ограничува пристапот до нивните основни права. Луѓето погодени од сиромаштијата често доживуваат широк спектар на недостатоци кои со своето надополнување ги заробуваат во сиромаштија. Сиромаштијата им ги ограничува можностите на луѓето да го достигнат својот полн потенцијал. На пример, деца кои живеат во сиромаштија најчесто имаат лошо здравје, не постигнуваат добри резултати во училиште и стануваат следната генерација на возрасни со ризик да бидат невработени и осудени на долготрајна сиромаштија.

## ПРОБЛЕМИ ПРИ СПОРЕДУВАЊЕ НА НИВОАТА НА РЕЛАТИВНАТА СИРОМАШТИЈА

При споредување на нивоата на релативната сиромаштија не се доволно земени во предвид разликите во стандардите на живот. Во пракса споредувањето всушност ја мери нееднаквоста.

На пример личност која живее релативно сиромашно во богата земја вообичаено страда од помало материјално лишување за разлика од личност која живее во земја со општ низок стандард на живеење. Во овие земји сиромаштијата може да биде екстремна, во неа најверојатно ќе ви недостасуваат основните потреби и поголема е борбата да се преживее. Но, поради тоа што општите животни стандарди во овие земји се ниски, може да биде измерена пониска релативна сиромаштија.

Со цел да се земат в предвид различните економски состојби во различните земји членки, кога листата на индикатори за социјална инклузија за која се сложи ЕУ беше одобрена во 2001 од страна на Европскиот Совет во Лакен, беше истакнато дека вредноста на прагот на ризик од сиромаштија секогаш треба да го следи индикаторот на оние кои се со ризик од сиромаштија. Тоа искажано со монетарни термини би значело – куповна моќ искажана во евра.

## КАКО СЕ МЕРИ СИРОМАШТИЈАТА?

### Сложен индикатор за ризик од сиромаштија или социјална инклузија (АРОПЕ)

За луѓе со ризик за сиромаштија или ексклузија се сметаат оние кои се со ризик од релативна монетарна сиромаштија (АРОП индикатор) и/или се сериозно лишени од материјалното (СДМ индикатор) и/или живеат во домаќинства со низок интензитет на вработеност. Луѓето се бројат само еднаш иако можеби спаѓаат во сите три ситуации.

### Живот под прагот на сиромаштија (АРОП) индикатор

Во рамките на ЕУ, релативната сиромаштија се мери преку прагот за релативна сиромаштија според приход. За ова се изготвува просек или средна вредност од приходите во домаќинствата во таа земја.

Со тоа е утврдена линијата на сиромаштија, којашто е процент од тој просечен приход. Вообичаено овие прагови се во опсег од 40-70% од приходот во домаќинството. Ова дава една општа слика за стапката на ризик од сиромаштија, но бројките можат да се разгледуваат и според возраст, пол, вид на домаќинството и статусот според вработеност. На тој начин би се дала подетална слика за тоа кој е со најголем ризик. Ова значи дека може да се врши преглед на одредената ситуација за посебна група како што се деца, постари луѓе или невработени. Во ЕУ луѓето кои имаат среден приход под 60% се сметаат дека се со ризик за монетарна сиромаштија (АРОП индикатор).

Едно од ограничувањата при определување на горната граница на приходот за определување на прагот за релативна сиромаштија е  произволноста на тој процес. Тој ни ја дава пропорцијата на луѓето кои се сиромашни, но недоволно се земаат во предвид и другите фактори кои влијаат на луѓето во такви ситуации, како на пример, колку многу се под прагот на сиромаштијата или колку долго се сиромашни.

Проценката на јазот на сиромаштијата може да помогне да се утврди состојбата во која се луѓетокои се под прагот на сиромаштијата, односно да се утврди интензитетот на сиромаштијата. Јазот на сиромаштијата ја мери разликата помеѓу приходот (среден просечен) на луѓето кои живеат под прагот на сиромаштијата и вредноста на прагот на сиромаштијата изразен преку неговата куповна моќ.

## Социјалната помош драстично ја намалува сиромаштијата

Кога се мери релативната монетарна сиромаштија интересно е да се разгледаат и нивоата на сиромаштијата пред и по исплаќање на приход преку системот за социјална грижа, бидејќи така се дава слика за ефективноста на самиот систем при распределба на средствата.

Во земјите членки на ЕУ стапката за ризик од сиромаштија би била значително поголема од тоа што е да не постои социјална помош. Во најдарежливите и ефикасни системи, социјалната помош ја намалува стапката на релативната монетарна сиромаштија за 50% ( во Данска, Ирска, Луксембург, Австрија, Финска и Шведска). Кај помалку ефикасните оваа стапка се намалува за само 20% (во Бугарија, Грција и Италија).

## Мерење на лишеноста: идникатор за сериозна материјална лишеност (СМД)

Индикаторите  на лишеност се уште еден важен приод при мерење на релативната сиромаштија. Освен монетарните индикатори,овие индикатори се обид да се отиде подалку кога се зема во предвид вистинскиот стандард на живот кои луѓето го имаат.

Во суштина приодот ги вклучува добрата и активностите кои се сметаат за основни потреби во земјата во која некој живее.

Во некои земји сиромаштијата се мери преку комбинирање на стапките за прагот на сиромаптијата и индикаторите на лишување.

На ниво на ЕУ, на екстремната сиромаштија ѝ се приоѓа преку индикаторот на сериозна материјална лишеност (СДМ). Личноста се смета за сериозно лишена од материјалното кога таа/тој не можат да си дозволат минимум 4 од листата на 9 нешта кои се сметаат за неопходни или посакувани. Како такви се сметаат: да

можат да платат кирија или сметки, домот да биде соодветно затоплен, да можат да се соочат со непредвидени трошоци, секој втор ден да јадат месо,риба или пак еквивалентна на нив количина на  протеини, викендот да го поминат надвор од градот, машина за перење алишта, телевизор во боја или телефон.

Овој индикатор има свои ограничувања поврзани со малиот број на нешта на листата, како и малата важност на некои од нив. Индикаторот се подобрува, но поради регулативата и доцнењата при прибирањето податоци, ќе поминат неколку години пред подобрениот индикатор не биде достапен на ниво на ЕУ.

## Низок интензитет на вработеност

Интензитетот на вработеноста се определува преку соодносот на вкупниот број на месеци и приходите од годината која се зема за пример, во текот на кои сите работоспособни членови во домаќинството (18-59) работеле и вкупниот број на месеци во тек на кои истите членови во домаќинството тероетски би можеле да работат.

**За домаќинство со низок интензитет на вработеност**се смета она домаќинство чиј интензитет на вработеност паѓа под прагот поставен на 0.20. Овој индикатор се обидува да ја опфати бројката на луѓе кои живеат во домаќинства на невработени или кои се близу до невработеност. Во 2012-тата, 10,5% од европската популација живеела во домаќинства со многу низок интензитет на вработенсот. Стапката варира во зависност од земјите членки: индикаторот е понизок од 7% во Шведска,Луксембург,Кипар,Чешка и Полска. надминува преку 12% во Бугарија,Унгарија,Обединетото Кралство,белгија,Грција,Шпанија и Хрватска.

Нискиот интензитет на работа е многу чест во едночлените домаќинства (23,8%) и едночлени домаќинства кои ги издржуваат децата (28,7%).

Во 2010-тата ЕУ ја договори стратегијата за Европа 2020, кој аимаше за цел да води клучни политики во економијата,вработувањата,образованието и социјални политики – кои се имплементираат и во ЕУ и на национално ниво – на патот кон „брз,оддржлив и инклузивен раст“.

„Да се избават најмалку 20 милиони луѓе од сиромаштија и социјална ексклузија“ е една од петте главни цели на оваа стратегија. Се набљудува врз база на збирот од индикаторот за ризик од сиромаштија и индикаторот за социјална ексклузија, овозможувајќи ѝ на земјата членка да даде свој приоритет за начинот на кој сака да ѝ придонесе на целта на ЕУ, во смисла индикатор ќе го следи за напредокот на целта.

Серии инструменти се користат за да се координираат дејствијата кои ги спроведуваат земјите членки, вклучувајќи ги **Интегрираните водичи,издадени од Комисијата и Советот, Национални програми за реформи** изготвени од земјите членки, кои известуваат за своите политики и како допринесуваат кон целите, и **Посебни препораки за земјата** утврдени од Комисијата и Советот врз база на нивните анализи за направениот напредок на секоја земја членка.

Организациите за борба против сиромаштија го поздравија усвојувањето на оваа цел како големо достигнување, и како можен двигател во борбата против сиромаштијата. Но,до овој момент очигледно е дека недостасува амбицијата да се достигнат определените цели. И покрај тоа што целите на земјите членки се да ја достигнат бројката од 20 милиони помалку луѓе кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија, во реалноста таа бројка е значително помала. Сегашната економска стагнација, мерките за штедење и недостатокот на амбиција кај земјите членки, ја прават реализацијата на оваа цел недостижна, доколку се продолжи со ваквите политики.

## Сиромаштијата е многу сложена реалност

Сложениот индикаторот АРОПЕ опфаќа само дел од сликата и недоволно ја објаснува сложеноста на сиромаштијата. Важно е неговите три компоненти да продолжат да се набљудуваат одвоено. Исто така, многу е важно да се мерат и другите елементи кои ја опфаќаат мулти димензионалната природа на сиромаштијата.

Во нив се вклучени нивото на незадолженост, степенот на слабо здравје или образовни недостатоци, бројот на луѓе кои живеат во несоодветни домувања со лоши еколошки услови и степенот до кој луѓето имаат несоодветен пристап до јавните услуги.

На ниво на ЕУ, проширен збир на индикатори постои уште од 2001 во рамките на Отворениот социјален метод за координација во областа на социјална заштита и социјална инклузија. Тој е збир од шестнаесет суштински индикатори (вклучувајќи ја стапката за ризик од сиромаштија,но исто така и индикатори за пристап до здравството, за тоа колку го напуштиле училиштето,за оние кои работат, а сепак се сиромашни...), како и шест дополнителни индикатори ( како стапка на невработеност, животен век, трошоците а социјална грижа...). Се развиваат и нови индикатори.

## Отворен метод за координација или социјален ОМЦ[2]

Европската Комисија ги поддржува и надополнува политиките на земјите членки на полето на социјална инклузија и социјална заштита. Таа работи заедно со ЕУ земјите преку Комитетот за социјална заштита, користејчи го Отворениот метод за координација во областа на социјална инклузија, здравствена грижа, долгорочна нега и пензиите (социјален ОМД).

Социјалниот ОМЦ е волонтерски процес за политичка соработка која се базира на веќе договорени заеднички цели. Напредокот на процесот се мери со утврдени заеднички индикатори и преку заедничко известување (Национални социјални извештаи), размена и механизми за преглед (мониторинг прегледи). Процесот вклучува блиска соработка помеѓу заинтересираните страни, како и социјалните партнери и граѓанското општество.

Меѓутоа, постоечките индикатори кои каскаат во времето, не можат точно да ги прикажат брзите промени на ситуациите кај луѓето.

Повеќето мрежи на ЕАПН сметаат дека драматичното влошување на условите за живот кај најранливите кое се должи на економската криза и политиките за штедење не било на време прикажано со ЕУ индикаторите. Официјалните индикатори треба да бидат дополнети со квантитативни и квалитетни информации добиени од невладините организации кои работат на теренот. На пример, бројката на регистрирани барања за помош во храна е релевантен сигнал за деградација на социјалната ситуација.

Повеќето мрежи на ЕАПН сметаат дека повеќе работа е потребна за да се фати различната реалност на сиромаштијата од перспектива на оние кои живеат во неа, како дел од социјалниот отворен метод за соработка на ЕУ.

Да се набљудуваат социјалните трендови: со користење на социјалните индикатори при подигање на профилот на прашањата.

За да ги следат случувањата во секоја земја членка, Комисијата и Комитетот за социјална заштита ги користат индикаторите од социјалните портфолија. Многу е важно исходот од овие набљудувања да биде земен во предвид на главната координација на политиките на ниво на ЕУ во рамките на Европската стратегија 2020.

---

[2]Види http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/employment_social_policy_equality/introduction

Од 2011-тата, индикаторите се користат во Рамката за заедничка процена (JAФ), создадена на ниво на ЕУ за да ги набљудува случувањата во областа на вработувањата и социјалата. Во 2012-тата Комитетот за социјална заштита постави нова алатка користејќи ги постоечките индикатори за зајакнување на мониторингот на социјалната состојба и базата на податоците. Мониторингот за учинокот на социјалната заштита користи проширен сет на индикатори кои помагаат при утврдувањето на трендовите за набљудување, ги утврдува и скорешните трендови во области каде голем број на земјите се покажале во лошо светло и потфрлиле.

Врз основа на нив, во својот годишен извештај Комитетот за социјална заштита формулираше едноставни, јасни и силни пораки. ЕАПН прашања: дали ќе им биде укажано доволно внимание при процесите на градење политики со кои силно доминираат макроекономските и финасиски грижи? Дали во Националните програми за реформи и во посебните препораки за земјата ќе бидат вклучени и трендовите за наљудување кои Комисијата ги упатува до секоја земја членка?

## Други методи

Други мерки за мерење на сиромаштијата ги вклучуваат:

- **Пристап кон буџетниот стандард или Референтен буџет** според кој сиромаштијата се пресметува врз основа на чинењето на потрошувачката кошничка и услугите (на пр. покривање на трошоците за храна, облека, лична нега, трошоци поврзани со здравството, производи за домаќинството и услугите, трошоци за образованието, домаќинството, транспорт, гориво итн.) кои според експертите или самото општество се сметаат за основен стандард на живеење.[3]
- **Метод за соодносот на храната** според кој сиромашните се разликуваат од оние кои не се според тоа колку од нивниот приход трошат на основните потреби како што се храната, облеката и засолниште – при што општите истражувања покажале дека луѓето со ниски приходи мора да потрошат поголем дел од истите на основните потреби, поради што остануваат без средства за учество во нормалниот социјален живот, за рекреативните и културни активности.

[3]Овој пристап беше силно потврден од странана Комисијата како дел од Пакетот за социјална инвестиција издаден во февруари 2013 во Извештајот за активна социјална инклузија, со предлози за поддршка на развојот на заедничката методологија заедно со претставниците на земјата членка. Види ЕЦ ЦОМ: Кон социјална инвестиција за развој и кохезија, вклучувајќи го и Имплементирањето на европскиот социјален фонд (2014-20).

- **Индексот за сиромаштија во ОН** кој во едно сложено мерило ги комбинира проценките за животен век, писменоста, долготрајната евработенсот и релативниот приход.
- **Извештајот на УНИЦЕФ за благосостојбата на детето** кој сиромаштијата ја мери не само според приходите, туку ги вклучува и индикаторите на материјалната благосостојба, здравјето и безбедноста, образованието, семејството, врските со врсниците, однесувањето, ризична и субјективна благосостојба.

  - Проценката дека во едно домаќинство има изедначени приходи, односно претпоставката дека приходот еднакво се распоредува во домаќинството т.е. дека секој член од семејството има пристап до иста сума пари, создава опасност за потценување на ситуацијата на жените или возрасните кои се зависни во едно домаќинство. Генерално пониските приходи на жените често се кријат, поради што ситуацијата е посериозна, особено во случаите каде жените се директно одговорни за трошоците за децата или за другите кои зависат од нив.

  - Општо, националните и европските податоци за релативната сиромаштија (праг на сиромаптија) не ги идентивикуваат групите со визок ризик, како што се луѓето кои живеат во институции, бездомниците и другите групи до кои тешко се доаѓа, како афроамериканците и другите етнички малцинства, мигрантите и азилантите. За овие групи потребно е подетално истражување.

  - Стапката за ризик од сиромаштија е релативна мерка која се базира врз просечниот праг на сиромаштијата. Овој праг со текот на времето варира и во одреден број на земји членки во текот на изминативе години поради економската криза и општото намалување на приходите бележи свој пад. Како резултат на тоа, стапката на ризик од монетарна сиромаштија останува непроменет па дури и се влошува ( на пр. во Бугарија) каде условите за живеење кај најранливите ужасно се влошиле. Ова го отежнува истакнувањето на социјалните последици од кризата и мерките за штедење. Ниту еден индикатор земен сам по себе не може да ја опише социјалната состојба во дадена земја. Анализата треба да содржи поширок контекст и да се изгради на основа на сведоштвата на луѓето кои живеат во сиромаштија и невладините организации кои работат на теренот.

### Вистинската вредност на прагот на сиромаштијата[4]

Доколку не се земе во предвид вистинската вредност на прагот на сиромаштијата за секоја земја одделно, споредувањето на стапките на монетарна сиромаштија помеѓу државите може да ги скрие значајните разлики помеѓу вистинските стандарди на живеење.

Постојат огромни разликиод една до друга држава во однос на тоа колку пари му се потребни на некој кој живее на прагот на сиромаштијата.

На пример, личност која живее на прагот на сиромаштијата во Романија живее со само 2,161€ годишно, во Бугарија со 3,476€, помеѓу 3,603€ и 5,117€ во Латвија, Литванија, Унгарија и Полска. Тој/таа во Луксембург ќе заработат 15,996€, додека во Данска 11,196€.

## СИРОМАШТИЈА: ФАКТИ И ТРЕНДОВИ

### Слика за сиромаштијата низ ЕУ

Најновите достапни податоци (2012) покажуваат дека 24,8% од популацијата во ЕУ, а тоа се околу 124,5 милиони луѓе се со ризик од сиромаштија или социјална ексклузија. 16,9% од популацијата во ЕУ се со ризик од релативна сиромаштија, 9,9% се сериозно лишени од материјалното, и 10,5% живеат во домаќинства со низок интензитет на работа.

Како и да е, постои голема разлика меѓу земјите членки: на пример, помеѓу 15% и 8,5% од популацијата во Чешка, Луксембург, Холандија,Австрија и Шведска се со ризик од сиромаштија или социјална ексклузија, додека во со овој ризик се соочуваат преку 40% во Бугарија и Романија.

**Особено е висока стапката на сиромаштија и социјална ексклузија кај децата (0-17), дури 28%.** Домаќинствата со еден родител како и оние каде децата зависат од родителите се со највисок ризик од сирмаштија. За самохрани родители со деца кои зависат од нив, ризикот од монетарна релативна сиромаштија изнесува 34,5%.

---

[4]Оваа поглавје ги претставува најновите европски бројки за сиромаштијата кои може да се најдат на вебсајтот на Еуросат http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/eurostat/home/и сосема се потпираат на анализите направени од Европската Комисија во нејзината публикација Вработување и социјален развој во Европа 2012издадена во Јануари 2013.

Ризикот исто така е особено висок и кај младите луѓе (18-24) и изнесува 23,1%.

Жените се генерално со повисок ризик од релативна монетарна сиромаштија со стапка од 17,6%.

Се разбира, овие бројки не ги вклучуваат оние во најекстремните ситуации како етничките малцинства, особено Ромите, имигрантите, вклучувајќи ги и мигрантите без документи, бездомниците, луѓето кои живеат во институциите или пак ги напуштаат итн.

Кризата го сврте трендот на опаѓање на сериозно материјално лишување (СМД) во спротивна насока. Тој значително порасна во некои земји членки во перидото од 2008-тата и 2012-тата. Најзабележителен раст имаше во Грција, Литванија и Унгарија ( до околу 8 процентуални поени), додека во Ирска, Естонија, Малта, Кипар, Латвија и Италија исто така имаа раст помеѓу 4,5 и 7 процентуални поени. Општо гледано, на ниво на ЕУ, едночлените домаќинства кои издржуваат деца се со најголемо материјално лишување (21,3%), следени од еднoќлени домаќинства ( и машки и женски 12,2%) и домаќинства со двајца возрасни и три или повеќе деца кои зависат од нив (11,8%).

Во повеќето, иако не во сите, земји членки каде сиромаштијата влијае на голем дел од полулацијата, постои тренд таа да биде уште посериозна. Во која мера или колкава е сериозноста на сиромаштијата (во смисла колку длабоко под прагот на сиромаштијата се луѓето со ризик од сиромаштија) за ЕУ како целина во 2012-тата изнесуваше 23,5%. Тоа значи дека половината од оние кои живеат во сиромаштија, најмалку 23,5% биле под релевантниот праг на сиромаштија. Длабочината на сиромаштијата се движи од ниски 15% во  Финска до високи 28,6% во Латвија и 30,9% во Романија. Во Шпанија оваа стапка имаше скок од 24,4% во2008-таа на 31,4% во 2012-тата. Во повеќето земји во текот на кризата, сиромаштијата се продлабочи, особено кај луѓето кои се соочија со монетарна сиромаштија, а голем број од нив паднаа на дното од скалата на приходи од почетокот на кризата.

**Невработеноста е клучен фактор** кај луѓето со ризик од сиромаштија.

Во 2012-тата, 46,7% кои биле невработени биле со ризик од сиромаштија. Сериозно лишување од материјалното е повисоко помеѓу невработените луѓе во состав на една полупација. Во 2012-тата, 12,5 милиони луѓе во ЕУ страдале од сериозно материјално лишување и живееле во домаќинства со низок интензитет на вработеност.

Иако вработувањето е клучен пат кој води надвор од сиромаптијата, **не сите работи се доволно платени за да избават некого од сиромаштија**. Луѓето кои работат а сепак се сиромашни претставуваат 1/3 од вкупниот број на работоспособни возрасни кои се со ризик од сиромаштија. Во 2012-тата 9,1% од луѓето во работен однос живеел под прагот на сиромаштијата. Ваквата сиромаштија во периодот од 2006-тата до 2011-таа значително пораснала во 1/3 од земјите во ЕУ (во Бугарија, Данска, Франција, Германија, ирска, Малта, Холандија, Романија, Словенија и Шпанија). Во 2012-тата во Романија 19,1% од работниците живееле во сиромаштија, 12,35 во Шпанија и 15,1% во Грција.

## Дали ЕУ ќе ја искорени сиромаштијата?

Од 2000-тата ЕУ си постави за цел да ја надмине сиромаштијата и да направи значителен напредок во нејзиното искоренување. Во 2010-тата шефовите на државите и владите се обврзаа да ја намалат сиромаштијата и социјалната ексклузија за најмалку 20 милиони луѓе. Дали ова ќе се случи?

Вкупната бројка во 2012-тата за процентот на луѓето кои живеат со ризик за монетарна сиромаштија (16,4%) не е многу различна од онаа во 2005-тата (16,4%). Но, во контекст на намалувањето на домашниот приход, во реалност зголемувањето на монетарната сиромаштија може да биде скриено. АРОПЕ индикаторот не се сменил многу од 2008 (23,7%), но кризата се чини дека го стопираше претходниот тренд на споро континуирано намалување.

Многу е важно да се признае дека по кризата разликата помеѓу одредени делови на ЕУ расте, со појавата на нова поделба помеѓу јужните и источните европски земји каде влошувањето на социјалната сосотојба е посериозна, отколку во западните и северни земји. Земјите со посилен систем за социјална помош покажаа поголема еластичност.

Мерките за штедење кои се применија, иако ЕУ со тоа го забрза оваа влошување, преку ограничување на платите и бенефициите, како и кратењето на услугите.

Дали во следните години сиромаштијата и социјалната ексклузија ќе бидат ефикасно победени, значително ќе зависи од капацитетот на ЕУ и земјите членки да го признаат негативното влијание на строгите политики за штедење, да спроведе балансиран пристап кон обновувањето по кризата со што ќе го зачува човечкиот капитал, човечкото достоинство и Европскиот социјален модел.

## СУРОВОТО СОЦИЈАЛНО ВЛИЈАНИЕ НА КРИЗАТА

Финансиската и економска криза која започна во Европа во 2008 не ја создаде сиромаштијата. Меѓутоа кризата и мерките на штедење спроведени низ ЕУ драматично го зголемија размерот и ја продлабочија сиромаштијата. Ова особено важи за земјите за кои поддршката од меѓународните организации (Меѓународен Монетарен Фонд, Европска Централна банка) како и од ЕУ ( земјите опфатени со Троика Програмата) била условена поради огромните кратења во буџетот.

Социјалното влијание на кризата и мерките на штедење многу често се занемарени. Милиони жители на ЕУ се заробени во немилосрден круг, затоа што кризата влијае на најранливите на неколку начини:

- Невработеноста, но и намалувањето на платите и работните часови, како и општото слабеење на прават при вработување и квалитетот на работата;
- Хипотекарна криза, која ги присилува луѓето да ги напуштат своите домови со огромни долгови кои треба да ги исплатат;
- Намалување на помошта за невработените и социјалната помош (намалување на нејзиното траење и сумата, заострување на правилата за нејзино добивање...);
- Намален пристап до јавните услуги (вклучувајќи го и здравството, превозот...) поради кратења во државните и локалните буџети;
- Намалување на јавното и приватно финансирање, со што е ослабнат последниот извор на итни услуги на кои се потпирале оние на кои најмногу им се потребни истите.

Последиците се огромни, особено со значителното влошување на сиромаштијата, нејзината истрајност и продлабочувањето, како и порастот на сиромаштијата кај децата. Долготрајната ексклузија на голем број на млади луѓе од пазарот на трудот создаваат горливи предизвици за нивната иднина: ќе бидат ли „изгубената генерација“? Влошувањето на менталното здравје, зголемувањето на чувството на очај, како и зголемениот број на самоубиства се крајно загрижувачки.

Нееднаквоста се зголемува, а социјалната кохезија е под знак прашалник, во време на пораст на ксенофобијата се губи доверба во демократските институции, како и во иднината на проектот на ЕУ.[5]

## ШТО ПРЕТСТАВУВА НЕЕДНАКВОСТА?

**Проблемот со сиромаштијата суштински е поврзан со прашањето како средствата се делат и распределуваат во државата.**

**Погледни во обоеното поглавје**

За разлика од сиромаштијата, која се концентрира на состојбата на оние на дното од општеството, нееднаквоста покажува како се распределуваат средствата во целата држава. Ова ја одсликува разликата помеѓу просечниот приход, колку заработуваат сиромашните, а колку богатите, истакнувајќи како различни земји членки го делат и распределуваат приходот кој го создаваат.

Податоците за нееднаквоста се суштински кога се зема во предвид сиромаштијата, затоа што севкупната распределба на средствата во земјата влијае на размерот и длабочината на сиромаштијата. Ова е важно поради тоа што нивоата на монетарната сиромаштија во ЕУ се пресметува според просечниот приход.Согледувањето на нееднаквоста е особено значајна во време кога во многу земји неопходните финансиски напори кои се превземаат за излез од буџетската криза не ги вклучуваат богатите.

Општо, **земјите со високо ниво на нееднаквост имаат и високо ниво на сиромаштија**, додека оние со пониско ниво на нееднаквост имаат и и пониско ниво на сиромаштија. Ова покажува дека проблемот со сиромаштијата е суштински поврзан со прашањето како ресурсите се прераспределуваат во една држава.

---

[5] За подетална анализа погледни Социјална Европа, актуелни предизвици и патот напред, Извештај на Комитетот за социјална заштита, 2013, http://ec.europa.eu/social/main.jsp?langId=en&catId=758.

## Како се мери?

Нееднаквоста на приходите во ЕУ обично се мери на два начини: соодносот S80/S20 и Џини коефициентот. И двете мерки можат да бидат тежки за разбирање и имаат основни ограничувања при прецизно прикажување на сликата за нееднаквоста.

Соодносот S80/S20 претставува однос помеѓу вкупниот највисок приход кој го земаат 20% од популацијата и вкупниот најмал приход кај 20% од популацијата во една држава. Колку е поголем коефициентот, толку е поголема нееднаквоста.

Џини коефициентот е начин како да се измери нееднаквоста според распределбата на приходот во една држава.Тој го зема во предвид целокупниот приход во неа,а не само двете вредности, тј горната и долната како што тоа го прави соодносот S80/S20.Тој претставува техничка формула која ја прикажува врската помеѓу севкупниот приход на популацијата прикажан според нивото на приход и севкупната сума која ја добива популацијата. Кога би постоела перфектна еднаквост (на пр. секој да добива исти приход), овој коефициент би бил 0%. Доколку селиот приход од државата би бил во рацете само на еден, тогаш коефициентото би бил 100%. Колку е поголем коефициентот толку е поголема нееднаквоста при распределбата на приходот во една држава. За техничките аспекти на Џини коефициентот можете повеќе да прочитате на Википедија.

## СИРОМАШТИЈАТА И БОГАТСТВОТО ТРЕБА ДА СЕ АНАЛИЗИРААТ ЗАЕДНО

Во ЕУ нееднаквоста се анализира преку распределбата на приходот. Но, ова претставува само еден дел од сликата.

Друг клучен елемент за нееднаквоста е анализирањето на богатството; од каде доаѓа, кој го има и како општеството го распределува. Многу е важен степенот до кој луѓето поседуваат капитал и средства од еден или друг вид – на пример, имот, акции и инвестиции.

Меѓутоа, има недостаток на споредливи податоци низ Европа за сопственоста на капиталот и средствата. За жал проценката според распределбата на приходот дава само делумна слика и може да доведе до значајно потценување на нееднаквоста во некои земји членки. (Види ЕАПН прирачник за богатство, нееднаквоста и социјалната поларизација).

Во ЕУ постои значителна разлика на степенот на нееднаквоста во приходите, која се мери според соодносот на приходите на оние кои се во 20% на врвот и оние кои се во 20% на дното. Пред влегувањето на Хрватска во ЕУ, соодносот за 27-те земји членки во ЕУ изнесуваше 5,1 (2012), но тој варира од 3,4 до 7,2. Австрија, Белгија, Чешка, Гинска, Унгарија, Луксембург, Холандија, Шведска, Словенија и Словачка имаат најниска нееднаквост, која се движи од 3,4 до 4,1. Највисоката нееднаквост ја има во Бугарија, Грција, Латвија, Литванија, Португалија, Романија и Шпанија која се движи од 5,3 до 7,2. Трендот на нееднаквоста во ЕУ од 2000 – тата кога бил 4,5 бечежи константен раст.

Џини коефициентот покажува слични резлутати како соодносот S80/S20. Вкупната бројка (во 2012-тата) изнесува 30,6 што е пораст од 29 во 2000-тата. Најмала нееднаквост има во Аврстија, Чешка, Финска, Унгарија, Холандија, Словенија, Словачка и Шведска (од 23,7 до 27,6), а највисока се бележи во Бугарија, Грција, Латвија, Португалија, Романија, Шпанија и Обединетото Кралство (од 33,2 до 35,7).

## ПРИЧИНИ ЗА СИРОМАШТИЈА И НЕЕДНАКВОСТ

**Истрајноста на сиромаштијата и нејзиното високо ниво укажуваат дека таа првенствено е последица на начинот како општеството ги организира и распределува средствата. Одлуките како да се искорени сиромаштијата на крајот претставуваат политички одлуки за тоа какво општество сакаме.**

Некои луѓе сметаат дека во богат регион како ЕУ, не може да има сиромашни и доколку ги има тие се резултат на лични потфрлувања или проблеми. Меѓутоа, тоа не е така.

Истрајноста на сиромаштијата и нејзиното високо ниво укажуваат дека таа првенствено е последица на начинот како општеството ги организира и распределува средствата, без разлика дали тие се финансиски или друг вид на средства како домување, здравствени или социјални услуги, образовни или други економски, социјални и културни услуги.

Во време на штедење, некои од политичките одлуки ја продлабочија сиромаштијата и нееднаквоста ( кратења на приходите и услугите, влошување на регулативите на пазарот на трудот...).

Фактот дека постојат различни нивоа на сиромаштија во различни земји членки, јасно укажува дека различните приоди при распределбата на средствата и можностите водат кон различни исходи.

**Општествата со најниска нееднаквост имаат и најниски нивоа на сиромаштија**, и помалку се погодени од кризата. Ова е првенствено поради тоа што изборот на Владата е да даде приоритет на обезбедувањето на адекватно ниво на минимален приход и да обезбеди добар пристап до услугите, преку системот за социјална заштита и преку загарантираното ниво на минимална плата. Генерално, најефикасни се при распределбата на богатството преку даночниот и другите системи. Ова значи дека одлуките како да се искорени сиромаштијата на крајот претставуваат политички одлуки за тоа какво општество сакаме.

## Клучни фактори

Во поглед на индивидуалноста, одредени клучни фактори влијаат за една личност да биде во ризик од сиромаштија:

- **невработеноста или имањето неквалитетно вработување (на пр. слабо платена или неизвесна) кое го ограничува пристапот до пристоен приход со што луѓето се отсечени од социјалните мрежи;**
- **ниско ниво на образование и развој на вештини со што им се ограничува способноста на луѓето да имаат пристап до пристојна работа, да се развиваат и да земат целосно учество во општеството;**
- **големината и видот на семејството, на пр големите семејства и семејствата со еден родител се со поголем ризик од сиромаштија, поради тоа што имаат поголеми трошоци, пониски приходи и многу потрешко добиваат добро платени вработувања;**
- **пол – генерално жените се со поголем ризик од сиромаштија од мажите поради тоа што е многу веројатно да имаат вработување за кое ќе бидат платени, имаат помали пензии, повеќе се вклучени во обврските за грижење за некој за што не се платени, па дури и кога се вработени помалку се платени од мажите без разлика што ја имаат истата работа;**
- **инвалидитет или нарушено здравје кое го ограничува пристапот до пристојно вработување и исто така води кон зголемување на секојдневните трошоци;**

- **припаѓањето на одредено малцинство или етничка група како Ромите и имигрантите/мигрантите без документи кои најчесто страдаат од дискриминација и расизам, а поради тоа имаат помалку шанси за вработување. Многу често се присилени да живеат во лоша средина и немаат пристап до основните услуги;**

- **живеење во оддалечени средини, со неповолна положба со што пристапот до услугите е влошен.**

Сите овие фактори создаваат дополнителни бариери и потешкотии. Но, треба да се согледаат и да бидат дел од структуралниот контекст при изборот кој одредена држава ќе го направи за начинот како ќе го распредели богатството, како ќе се справи со нееднаквсота и како ќе се соочи со тешки времиња.

## ЗА ШТО СЕ БОРИ ЕАПН

Овој прирачник покажува дека дефинирањето на сиромаштијата и социјалната ексклузија е многу сложена задача. Постојат многу приоди кои се обидуваат да ја дефинираат сиромаштијата.

Овие дефиниции се корисни, но секогаш треба внимателно да се користат затоа што секоја дефиниција прикажува одредена гледна точка со која обично оди и одреденаполитичка одлука.

На крајот, ако пристапот кон сиромаштијата треба да биде поткрепен со почитување на достоинството и правата на луѓето, треба да се совпаднат следниве предуслови.

ЕАПН редовно ги промовира следниве предуслови:

✔**Луѓето кои живеат во сиромаштија** како и организациите кои работат со нив, секогаш треба да бидат дел од дебатата за дефинирањето и индикаторите на сиромаштијата; самото нивно учество ќе обезбеди индикаторите веродостојно да ја прикажат сложената слика на сиромаштијата на теренот, со што ќе се добијат препораки за ефикасни решенија;

✔Сиромаштијата е **мултидимензионална** и како таква не треба да се ограничи на една или друга димензија, и двете, **релативната и апсолутната сиромаштија** треба да бидат земени во предвид;

✔На национални и регионални нивоа, алатките за анализа и набљудување на сиромаштијата и социјалната ексклузија треба постојано да се подобруваат. На национално ниво, но и на ниво на ЕУ треба да се земат во предвид новите случувања како и проценка на социјалното влијание на новите политики. Владите исто така треба да се потпрат и на **најновите сознанија на невладините организации кои на терен работат со луѓето кои живеат во сиромаштија**;

✔На ниво на ЕУ, **сетот на индикаторите усогласени со социјалните ОМЦ**треба да го има централното место при креирањето на политиките на ЕУ и исто така да го спречи негативното влијание на другите политики (на пр. координација за очекувањата); значењето, временските рамки и споредливоста на индикаторите кои константно треба да се подобруваат; да се користат квалитативните информации од невладнините организации кои работат на терен со луѓето кои живеат во сиромаштија.

✔Да се подигне свеста кај пошироката јавност за реалноста на сиромаштијата и нејзините трендови прикажани од индикаторите. Во овој правец треба да се превземат акции и на национално ниво и на ниво на ЕУ. **Исходите од набљудувањата на квантитативните и квалитативните индикатори** треба да се предмет на демократска дебата во Националните Парламенти и во Европскиот Парламент;

✔Набљудувањето на сиромаштијата треба да е усогласено и со **набљудувањето на нееднаквоста**. Политиките за борба против сиромаштијата треба да се однесуваат и на зголемената **нееднаквост** во нашите општества. Треба да се развијат подобри индикатори кои би ги прикажале нееднаквостите во богатството, како и нееднаквоста на пристапот до услугите и другите извори, како и нееднаквоста на правата. Искоренувањето на сиромаштијата подразбира преиспитување за тоа какво општество сакаме за да се приближиме до еднаквоста во него.

✔**Треба да се подигне свеста за причините поради кои сиромаштијата треба да се победи**. Сиромаштијата како прво е напад на основните права и ЕУ си даде за должност да ја победи сиромаштијата и да утврди конкретни цели кои треба да се спроведат. Сиромаштијата исто така го загрозува идниот напредок на нашето општество, како и економското обновување. Борбата со сиромаштијата е умна инвестиција, а не луксузен трошок.

✔Таргетирањето на сиромаштијата е корисен политички инструмент кој ќе ги насочува политиките против сиромаштијата, но само доколку е поткрепен со сериозна политичка амбиција, да се третира подеднакво со другите цели, редовно

да се употребува од земјите членки во ЕУ и да му се даде високо ниво на приоритет во склоп на другите цели.

✔Целите исто така треба да се поврзани со конкретни инструменти за нивно споредување, на пр. **мултидимензионална стратегија против сиромаштија** на ниво на национално и на ниво на ЕУ, која ќе биде поддржана од соодветни фондови на национални ниво и на ниво на ЕУ. **Стратегијата треба да биде алатка со која ке се популаризира борбата против сиромаштијата и социјалната ексклузија** во сите политики, но и да се осигура дека различните политики ќе ја продолжат оваа цел;

✔Социјалната помош, но и пристапноста до квалитетни услуги и персонализирани начини како да се дојде до вработување, се нешта кои треба да ги спроведат земјите членки во борбата против сиромаштијата и социјалната ексклузија според **интегрираниот пристап за активна инклузија**[6]. Насочен е кон луѓето кои се способни да работат или да најдат квалитетна работа, но пристапот до правата, ресурсите и услугите мора да биде загарантиран за сите групи и за сите возрасти за да ефикасно се справиме со сиромаштијата и да се избегне нејзиното пренесување.

✔Во своите заеднички напори да се излезе од кризата, земјите членки треба да избегнат создавање на уште поголема сиромаштија кај луѓето во Европската Унија, обезбедувајќи кохерентен, балансиран пристап кон економската и социјална политика која допринесува до градење на силен Европски социјален модел.

## КЛУЧНИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

### ЕУ-СИЛЦ

Главен извор за споредбените годишни податоци за нивото и составот на сиромаштијата и нееднаквоста во ЕУ е *Заедничка статистика за приходот и условите за живеење ( ЕУ-СИЛЦ)*.

Статистиките можат да се најдат на веб страната на Еуростат http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/eurostat/home

[6]Види http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=1059&langId=en и публикација на ЕАПН *Активна инклузија: Да се случи (2011)*: http://www.eapn.eu/en/news-andpublications/publications/eapn-books/active-inclusionmaking-it-happen, и *10 Аргументи за поддршка на Активната инклузија (2014)*: http://www.eapn.eu/images/stories/docs/EAPN - p osition - pap ers-and - rep or t s/2014 -10 -Argument s-to - support-Active-Inclusion.pdf

## Еуростат

Еуростат е официјална канцеларија за статистички податоци на ЕУ и како дополнение на ЕУ-СИЛЦ има голем број на релевантни податоци кои се однесуваат на прашања за сиромаштијата и нееднаквоста.

Еуростат веб сајтhttp://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/eurostat/home

Исто така Еуростат издава многу релевантни публикации како што се билтенот *Во фокусот на статистиките*, на годишно ниво *Европските социјални статистики* и разни секторски публикации.

## Генералниот директорат на Европската комисија за вработување, социјални работи и еднакви можности

Дава вредни анализи на податоците за сиромаштијата и социјалната ексклузија како дел од процесот на социјална инклузија во ЕУ. Годишниот преглед на *Вработување и социјални случувања* дава особено важни информации и анализи. Можат да се најдат на страната на Главниот директорат за социјална инклузија под Публикации и документи http://ec.europa.eu/social/home.jsp?langId=en

На овој сајт можат да се најдат и извештаите за важните истражувања на разните аспекти на сиромаштијата и социјалната ексклузија во ЕУ. Тука се вклучени и студиите за кои овластување дала Европската Комисија http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=791&langId=en како и извештаи изготвени од мрежата на независни експерти за социјална инклузија која ја советуваат Европската Комисија

http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=1025&langId=en

## Комитет за социјална заштита

(2013) Социјална Европа – Многу начини, една цел – Извештај на Комитетот за социјална заштита (19/03/2014)

http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=1025&langId=en

## Европски мрежи на независни експерти за социјална инклузија

(2013) Инвестирање во децата: кршење на циклусот на неповолностите (анализа на Европската мрежа на независни експерти за социјална инклузија)

http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=1025&langId=en&newsId=2061&moreDocuments=yes&tableName=news

## Европски мрежи

ЕАПН изготвува редовни извештаи, брифинзи и алатки за сиромаштијата и социјалната ексклузија во ЕУ, одразувајќи ја работата што ја вршат нејзините национални мрежи (www.eapn.eu).

Покрај ЕАПН дополнително, постојат и голем број н аклучни мрежи и организации на европско ниво кои се вклучени во борбата против сиромаштијата и социјалната ексклузија, како и членките на ЕАПН кои изготвуваат важни извештаи и информативни брифинзи за одредените аспекти на сиромаштијата и социјалната ексклузија. Тука спаѓаат:

- Европска платформа за постарите ( европска мрежа од и за луѓе постари на возраст од +50 претставувајќи ја бројката од 30 милиони постари лица во Европа): http://www.ageplatform.org/

- КАРИТАС ЕВРОПА (мрежа за католичка утеха, организации за развој и социјални услуги): http://www.caritaseuropa.org/

- ЕВРОПСКО ДЕТЕ (мрежа на организации и индивидуи кои работат низ Европа за да го подобрат квалитетот на животот на децата и младите луѓе): http://www.eurochild.org/

- ФЕАНТСА (Европска Федерација на национални организации кои работат со бездомниците): http://www.feantsa.org/

- АТД КВАРТ МОНДЕ (Интернационално движење АТД Четвртиот свет): http://www.atd-quartmonde.org/

Повеќе европски мрежи можат да се најдат во листата на членството на ЕАПН http://www.eapn.eu/en/who-we-are/our-members, на вебсајтот на Европската Комисија за социјална инклузија http://ec.europa.eu/social/main.jsp?langId=en&catId=750 како и на вебсајтот на Социјалната Платформа (Платформа на европските социјални невладини организации http://www.socialplatform.org/).

## Европски фонд

Европската Фондација за подбрување на условите за живот и работа е тело на ЕУ кое извршува голем број на истражувања за социјалните услови и вработувањето низ земјите во ЕУ. Меѓу редовните спаѓаат *Истражување за квалитетот на животот во Европа, Истражување за условите за работа во Европа* и

*Работното време и балансот помеѓу работата и животот*: http://www.eurofound.europa.eu/index.htm

ОЕЦД

Организација за економска соработка и развој дава важни компаративни статистики и извештаи за социјалната заштита и за прашањата тесно поврзани со неа: http://www.oecd.org/

УНИЦЕФ

Центарот при УНИЦЕФ за истражување на невините во Фиренца дава важни извештаи за детската сиромаштија, вклучувајќи го и нивниот последен извештај *Преглед на добросостојбата на децата во богатите земји*: http://www.unicef.org/research/index.html

УНДП

Програмата за развој на Обединетите Нации издава годишен *Извештај за развојот на луѓето*, кој го дава индексот за човечкиот развој. Тој претставува сложен индекс за квалитетот на животот и индикаторите за стандардот на живеење: http://hdr.undp.org/en/

Регионалната канцеларија на УНДП за Европа и Независните Земји на Комонвелтот исто така дава важни извештаи за сиромаштијата во нејзиниот регион http://europeandcis.undp.org/?menu=p_practice&FocusAreaId=1

Индикатори

Важни информации за дискусиите по индикаторите кои ја мерат сиромаштијата и социјалната ексклузија можат да се најдат на вебсајтот на Индикатори на подгрупата на Комитетот за социјална заштита на ЕУ: http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=830&langId=en

Други детални и корисни информации за индикаторите и статистиките за процесот на социјална инклузија во ЕУ можат да се најдат на *ЕУ и социјалната инклузија: Соочување со предизви*

*http://policypress.universitypressscholarship.com/view/10.1332/policypress/9781861348845.001.0001/upso-9781861348845-chapter-7*

Овој прирачник на ЕАПН за Сиромаштија и нееднаквоста во ЕУ е шестиот по ред од серијата прирачници на ЕАПН, во кој на разбирлив и секојдневен јазик се обработуваат клучни прашања и дебати, приоритетни за дискурсот на ЕУ. Првенствено се наменети за луѓето кои работат во организациите за граѓанско општество, но и кон сите кои се заинтересирани за напредокот во намалувањето на сиромаштијата и социјалната ексклузија во ЕУ.

Овој прирачник може да им послужи како алатка и на другите организации за граѓанско општество, синдикати, академици, медиумите, како и другите засегнати страни, вклучувајќи го и јавното мислење при разбирањето на причините и влијанието на сиромаштијата, социјалната ексклузија и нееднаквостите за оние кои директно се погодени од нив, но и генерално за целото општество.

Оваа брошура има за цел да даде едноставен вовед во дебатата за сиромаштија. Првенствено се фокусира на постоечките гледишта за природата и размерот на сиромаштијата, причините за неа и поврзаноста со неедкаквоста. Објаснува како сиромаштијата е сфатена и проценета во ЕУ, но исто така ги истакнува и недостатоците на овие приоди. Оваа брошура прв пат е издадена во 2007 година и ажурирана во 2009 како дел од развојната кампања на ЕАПН за одбележување на  2010 Година на борба против сиромаштија во Европа, со што е прва во серијата брошури кои за цел имаат сиромаштијата да ја направат видлива, да биде сфатена и да се преземат мерки против неа. Оваа верзија ( 2014 ) ги обезедува најновите податоци, вклучувајќи ги и податоците од ЕУ СИЦЛ, како и новиот додаток на политиките во ЕУ,притоа најмногу мислејќи на Европската Стратегија до 2020.

*Сиромаштијата во ЕУ е многу реален проблем кој доведува до  мизерија во животите на голем број на луѓе, им ги ограничува основните права, им ги ограничува можностите да го достигнат својот полн потенцијал, многу го чини општеството и оневозможува одржлив економски раст.*

Прирачникот го изготви Клер Шампо (Секретаријат на ЕАПН, Брисел) со поддршка на Сиан Џонс (Секретаријат на ЕАПН) и од Групата за стратегии за социјална инклузија во ЕУ при ЕАПН. Оригиналната верзија на прирачникот беше резултат на плодната соработка помеѓу Хју Фрејзер и групата од ЕАПН која вршеше осврт на социјалната инклузија.

**Европска мрежа против сиромаштија. Дозволено е умножување,доколку се направи соодветна референца на изворот. Септември 2014.**